Врз основа на член 158-ѕ точка 7 и член 158-љ ставови (2) и (4) од Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/2002, 84/2002, 98/2002, 33/2004, 88/2005, 79/2007, 8/2008, 88/2008, 56/2009, 67/2010, 44/2011, 112/2011, 7/2012, 30/2012, 45/2012, 60/2012, 64/2012, 23/2013, 188/2013, 43/2014, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 198/2018 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019, 31/2020, 173/2022 и 3/2025), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 27.8.2025 година донесе

# Т А Р И Ф Н И К

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТАРИФНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ДАВАЧКИТЕ ШТО ГИ НАПЛАТУВА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ И РОКОВИТЕ ЗА УПЛАТА

### Член 1

Во Тарифникот за содржината и висината на надоместоците и давачките што ги наплатува Агенцијата за супервизија на осигурување и роковите за уплата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 147/2009, 149/2009, 154/2009, 20/2012, 130/2013, 1/2015, 22/2016, 16/2017 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 23/2020, 78/2020, 41/2021, 263/2022, 122/2023 и 234/2024), во член 4, во став (9) после алинеја 4 се додава нова алинеја 5 која гласи:

„- 280122102174554, банка на примач Силк Роуд банка АД Скопје."

### Член 2

Овој тарифник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

***Образложение:***

Дополнувањето на Тарифникот во член 4, став (9), се предлага по добиено известување од Стручната служба за општи и административни работи заради отворање на нова сметка на Агенцијата во Силк роуд банка АД Скопје.

**Бр. 01-731/1** **Претседател на Советот на експерти,**

**27.8.2025 година** **м-р Ели Дракуловска**